Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-121/1
Датум: 21-01-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-626/1 од 20.9.2024 година, поднесена од [redacted] од Берово, со адреса на [redacted] против Општина Берово и градоначалникот на Општината- Ѕвонко Пекевски, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-626/1 од 20.9.2024 година, поднесена од страна на [redacted] против Општина Берово и градоначалникот на Општината- Ѕвонко Пекевски, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги, **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**Образложение**

На ден 20.9.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги, од страна на [redacted] против Општина Берово и градоначалникот на Општината- Ѕвонко Пекевски.

Подносителот на претставката наведува дека тој бил сопственик на фирмата [redacted] Берово. Неколку години по ред, во Општина Берово се одржувал „Етно плоштад фестивал", на кој подносителот преку неговата фирма, учествувал со користење на бокс апаратите кои биле поставени на јавна површина. Подносителот потенцира дека претходно добивал дозвола за користење на просторот. На ден 7.8.2024 година, тој поднел Барање за користење на просторот каде биле лоцирани бокс апаратите. Од страна на Општина Берово, преку градоначалникот Ѕвонко Пекевски, подносителот добил Известување бр. 13-2684/1 од 19.8.2024 година со кое бил известен дека треба да ги дислоцира апаратите, а во спротивно ќе биле отстранети од страна на Општината. Дополнително, подносителот наведува дека биле повикани и лица кои физички го нападнале, при што се здобил со телесни повреди и му биле упатени зборови со кои се омаловажува неговата етничка припадност. Во смисла на претходно наведеното, подносителот смета дека ова постапување од страна на Општина Берово и градоначалникот, е со цел да му се наштети на подносителот од причина што тој и неговото дете биле Роми. Оттука, подносителот наведува и друга ситуација во која неговото дете било обвинувано од страна на сопругата на градоначалникот, како наставничка во училиштето каде учело детето, дека тоа предизвикувало штета во училиштето. Подносителот тврди дека детето воопшто не било на училиште кога биле сторени штетите.

Согласно **член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели

претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.
Согласно со **член 24 став 2 од Законот**, доколку претставката не ги содржи потребните елементи или е нејасна, Комисијата ќе го задолжи подносителот да ја доуреди во рок од осум дена од денот на приемот на претставката.

Од причина што во претставката беа наведени два различни настани кои се предмет на потенцијална дискриминација, а од кои едниот се однесува на малолетниот син на поднсоителот, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 24.10.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот на претставката. Од страна на Комисијата му беше укажано на подносителот да ја доуреди претставката на начин што ќе поднесе две различни претставки за двата настани.

Видно од поштенската повратница, подносителот уредно го примил Барањето за доуредување на претставката на ден 30.10.2024 година, но до моментот на носење на овој заклучок, а по истек на законски предвидениот рок од 8 дена, претставката сè уште не е доуредена.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]